# ПОЛИТИКА
## ЗА ЗАШТИТА И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## ЗА ЗАШТИТА И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

---

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, на предлог на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, а во согласност со член 203 и со член 204 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 26.04.2024 година, ја донесе следната

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА АЛКАЛОИД АД Скопје[1]

АЛКАЛОИД АД Скопје (во натамошниот текст АЛКАЛОИД) повеќе од осум и пол децении е една од водечките компании во државата, регионот и пошироко која работи на производство на лекови, преработка на билни суровини и на производство на козметички и хемиски производи. Ние како компанија постојано тежнееме кон поздрав свет, кон супериорен квалитет на производите и на услуги, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Грижата за здравјето и за квалитетот на живот на нашите вработени, на потрошувачите на нашите производи, нивните семејства и на човештвото воопшто нам во АЛКАЛОИД ни е основна определба и императив.

Почитувањето на човековите права е фундаментална вредност во функционирањето на АЛКАЛОИД.

Оваа Политика за заштита и за унапредување на човековите права се заснова на сите меѓународни принципи за човекови права кои се опфатени со Универзалната декларација за човекови права, водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права, Глобалниот договор на Обединетите нации и на основните принципи на Меѓународната организација на трудот, а е во согласност и со домицилното позитивно право од оваа област.

Оваа Политика за заштита и за унапредување на човековите права е еден од фундаменталните документи во рамките на сетот акти од областа на корпоративната и етичка усогласеност, заедно со Кодот за етичко и деловно однесување, Кодексот за интеракција со здравствените работници и етичка промоција, со Антикорупциската политика, Политиката за забрана на злоупотребата на детскиот труд и младите лица, со Политиката за модерно ропство, вклучувајќи принудна работа, Политиката за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија и со Политиката за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи го и Кодот за однесување на добавувачи.

## Почитување на човековите права

АЛКАЛОИД ги почитува човековите права во сите свои релации, почнувајќи од правата на своите вработени и раководни лица, надворешните соработници, на претставниците на своите партнери и добавувачи, претставниците на институциите и, генерално, на заедницата и на општеството и спроведува активности за нивно промовирање и унапредување, без разлика на системите во кои има свои операции. Ние во АЛКАЛОИД не толерираме и забрануваме какво било негативно влијание или прекршување на човековите права. АЛКАЛОИД им наметнува на сите свои деловни партнери почитување на овие принципи како предуслов за воспоставување и за одржување на деловната соработка. АЛКАЛОИД е секогаш подготвен да иницира или да поддржи активности за унапредување и за промовирање на човековите права, без разлика на формите и на модалитетите на учество.

## Слобода на здружување

АЛКАЛОИД го почитува и го поддржува правото на своите вработени слободно и доброволно да се здружуваат и да формираат организации, а и да бараат застапување и колективно договарање во нивни рамки, како и заштита и промоција на нивните интереси, без какво било чувство на притисок, страв или на закани. АЛКАЛОИД го почитува правото на своите вработени да се приклучат кон гореспоменатите организации; ги прифаќа и ги поддржува сите активности на синдикалното здружување на вработените и посветува внимание за воспоставување конструктивни дијалози со назначените претставници на вработените.

## Забрана за злоупотреба на детскиот труд

Ние во АЛКАЛОИД строго забрануваме и не поддржуваме злоупотреба на детскиот труд и економска експлоатација на млади лица.

АЛКАЛОИД не вработува деца под 15 години и, по правило, не ангажира млади лица од 15 до 18 години.

Во одредени околности и во исклучителни ситуации, доколку се ангажираат млади лица на возраст помеѓу 15 и 18 години, АЛКАЛОИД гарантира дека нивниот ангажман ќе биде во согласност со позитивните законски прописи и дека работните задачи нема штетно да влијаат врз нивното здравје и безбедност, врз психофизичкиот и морален интегритет, како и врз перспективите за нивното образование и за нивниот развој во иднина.

Исто така, ние во АЛКАЛОИД строго ги забрануваме злоупотребата на детскиот труд и економската експлоатација на млади лица и кај своите соработници/добавувачи.

## Почитување на различностите

АЛКАЛОИД во своето функционирање и во секојдневните деловни активности на сите пазари каде што дејствува се стреми кон почитување на различностите на секој еден поединец како дел од алкалоидовото семејство и пошироко. Ние во АЛКАЛОИД применуваме политика на недискриминација на сите основи, во согласност со нашите клучни вредности, и ја промовираме различноста, независно од позицијата во компанијата, потеклото, националната/етничката и религиската припадност, од возраста, јазикот, расата, верата, од полот и родот, социјалниот статус, здравствената состојба, брачниот и социјалниот статус, од политичкото убедување, сексуалната ориентација, вредностите или од интересите на тоа лице. АЛКАЛОИД се стреми и негува култура во согласност со која се почитуваат и се ценат различностите и се промовираат еднаквите можности во секојдневната комуникација, како и при изборот на соработници, партнери и на кандидати за вработување.

Ние во АЛКАЛОИД не прифаќаме непочитување, несоодветно однесување, вознемирување на работното место, како и вознемирување во какви било околности кое е поврзано со работата, а кое е надвор од работното место.

## Плата, надоместоци, работни часови, прекувремена работа, бенефиции

АЛКАЛОИД работи и во целост ги почитува меѓународните стандарди и позитивните законски прописи во врска со исплатата на плата и надоместоци за своите вработени, како и со прекувремената работа, работните часови и со бенефициите.

Ние во АЛКАЛОИД се грижиме секој еден наш вработен да биде распореден на работно место соодветно на неговата квалификација и за својот работен ангажман да добие фер и правичен надомест базиран на учинок, залагањето и на успехот во реализацијата, но и сите задолжителни придонеси и надоместоци, во согласност со применливата регулатива, да му бидат исплатени соодветно и навремено.

Во нашите работни процеси и во рамките на функционирањето ги почитуваме позитивните законски прописи во врска со максималниот број работни часови ангажман на нашите вработени. Прекувремената работа е исклучок и доколку се јави потреба од прекувремена работа, таа се организира во согласност со позитивните законски прописи.

Ние во АЛКАЛОИД сме свесни дека основа за нашиот успех е нашиот највреден ресурс – човечкиот потенцијал, кој единствено доколку се состои од слободни и од задоволни поединци може да го обезбеди својот најдобар придонес за свој и за наш бенефит. Поради тоа, редовно, дополнително од задолжителните прописи, алоцираме средства кои се наменети како бенефиции за нашите вработени.

## Клинички испитувања

Сите клинички испитувања што ги спроведува АЛКАЛОИД ги исполнуваат сите меѓународни етички стандарди за заштита и за почитување на човековите права и се во согласност и со Хелсиншката декларација и со Упатството на меѓународниот Совет за хармонизација за добра клиничка пракса (ICH-GCP).

Ние во АЛКАЛОИД се заложуваме за доследна заштита на правата, благосостојбата, достоинството и на безбедноста на субјектите кои учествуваат во клиничките испитувања. Секое клиничко испитување е во согласност со применливата законска регулатива и е одобрено од националните регулаторни тела и етички комитети задолжени за одобрување клинички испитувања.

## Безбедност и здравје при работа

За нас во АЛКАЛОИД безбедноста и здравјето на нашите вработени се императив и во таа смисла овозможуваме безбедна и здрава работна средина и ги преземаме сите оперативни, стратешки и технички мерки што се однесуваат на безбедноста и на здравјето при работата, во согласност со позитивните законски прописи и со меѓународните стандарди за безбедна и за здрава работна средина.

## Ропство, трговија со луѓе и принудна работа

АЛКАЛОИД строго забранува и не толерира каква било форма на современо ропство, трговија со луѓе, принудна работа и на искористување на детскиот труд.

## Општествена одговорност

Во рамките на работењето на АЛКАЛОИД општествената одговорност е приоритет во корпоративната стратегија и е интегрирана во целокупниот деловен процес на компанијата. Во согласност со политиката за општествена одговорност, АЛКАЛОИД, преку различни соработки, проекти и активности, безрезервно и континуирано придонесува за подобрување, унапредување и за развој на заедницата во која функционира.

## Механизми за пријавување

АЛКАЛОИД ги охрабрува своите вработени и сите засегнати лица, доколку имаат прашања за применувањето на оваа Политика или доколку имаат сознание за нејзино прекршување, да пријават до:

1. линискиот менаџер;

2. втората линија на менаџментот;

3. платформата AlkaSpeakUp поставена на интернет-страницата на АЛКАЛОИД (www.alkaloid.com.mk), која дава можност за анонимно пријавување;

4. офицерот за корпоративна усогласеност (complianceofficer@alkaloid.com.mk или на телефонскиот број +38972918245).

Постапката за повреда на принципите за почитување на човековите права се води според однапред утврдени правила и по спроведена истрага од надлежните тела во компанијата, а утврдените повреди на принципите за заштита на човековите права се санкционираат од АЛКАЛОИД, во согласност со Кодот за етичко и деловно однесување и со релевантните внатрешни акти на компанијата.

АЛКАЛОИД цврсто се заложува и го застапува принципот за забрана на реваншизмот (*non-retribution* и *non-retaliation*), кој е превиден со Кодот за етичко и деловно однесување и со другите внатрешни акти на компанијата. Имено, секој оној кој ќе пријави повреда на оваа Политика нема да трпи никакви негативни последици врз својот статус на вработување или врз другите загарантирани права и привилегии, доколку ја пријавил повредата со добра намера.

## Примена на Политиката

Оваа Политика се применува во сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД во државата и во странство.

---

[1] Оваа верзија на Политика за заштита и за унапредување на човековите права на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**